# Политика за изведувачи и под-изведувачи на Пивара Скопје АД

Барањата во оваа Политика се минималните стандарди кон кои мора да се придржуваме. Највисоките стандарди за квалитет, безбедност на храна, здравје и безбедност како и заштита на животната средина мора да се почитуваат секогаш кога тоа е возможно.

Оваа Политика е развиена за да осигура дека соодветните стандарди се почитуваат за време на работењето на изведувачите на Пивара Скопје АД и на вработените вклучени во бизнис активностите на компанијата.

Во Пивара Скопје АД се користат услуги од изведувачи за широк спектар на задачи, почнувајќи од основни бизнис активности и надворешни активности, до други есенцијални услуги за поддршка.

## Цел

Политиката ги документира барањата за квалитет, безбедност на храна, здравје и безбедност, и животна средина на Пивара Скопје АД при ангажирање на изведувачи во исполнувањето на работни задачи во кругот на компанијата.

Соодветно спроведување и супревизија на Политика обезбедува Пивара Скопје АД да го заштити квалитетот и интегритетот на производите, здравјето и безбедноста на вработените, изведувачите, под-изведувачите и посетителите од било какво негативно влијание произлезено при нашето работење, минимизирајќи го ризикот од било каква потенцијална загуба на имот или нарушување на работењето.

## Опсег

Политиката се однесува на:

- Локации во сопственост на, или раководени од страна на Пивара Скопје АД.
- Активности изведени од страна на вработени на Пивара Скопје АД.
- Секоја работа превземена од страна на изведувачи или под-изведувачи раководена од Пивара Скопје АД.
- Секоја работна средина контролирана од изведувачи или под-изведувачи во кругот на Пивара Скопје АД или нејзините инсталации.

## Општи барања

Општите барања се однесуваат на сите работни активности превземени од страна на изведувачи или под-изведувачи, во кругот и постројки управувани од Пивара Скопје АД

Изведувачот треба да биде во можност да демонстрира дека секој изведувач или под-изведувач кој превзема било каква активност е компетентен за безбедно работење, без ризик кон интегритетот на производот, штета кон животната средина и без изложување на имотот на Пивара Скопје АД на оштетување или нарушување на бизнисот.

Доколку има потреба од вклучување на под-изведувачи, изведувачот треба да ја извести Пивара Скопје АД пред да додели било какви работни задачи на под-изведувачот, и заедно да се сложат на критериумите и бараните квалификации за избор на под-изведувач.

Изведувачите и под-изведувачите треба да делуваат во согласност со соодветната регулатива.

Непочитување на барањата ќе резултира со пенали во рамките на склучениот договор.

## Одговорности на Пивара Скопје АД

Одговорното лице на Пивара Скопје АД треба да осигура дека:

- Барањата на оваа Политика се искомуницирани и разбрани од страна на изведувачите и под-изведувачите.
- Сите барања на оваа Политика заедно се следат за да се обезбеди придржување кон истите од страна на изведувачите и под-изведувачите.
- Соработка и координација е воспоставена помеѓу вработените на Пивара Скопје АД и оние лица и компании вклучени во процесот како изведувачи или под-изведувачи.
- Протокот на информации од страна на изведувачите е брз.
- Се спроведува редовен преглед на перформансот на изведувачите и под-изведувачите.

- Се вршат интерни контроли, задолжителни или законски инспекции или проверки (од страна на Пивара Скопје АД и/или изведувачите или под-изведувачите).
- Изведувачите или под-изведувачите се советуаат за содржината на било кое упатство од оперативно работење или постапка за одржување, или пак, законска инспекција која може да биде потребна.

### Супервизија на изведувачи/под-изведувачи

Сите изведувачи и под-изведувачи треба да носат идентификациски ознаки со кои ќе се идентификуваат како изведувачи.

Сите изведувачи и под-изведувачи треба да се регистрираат на главниот влез. Дневникот за регистрација треба да ја вклучува локацијата на која ќе работи изведувачот.

### Одговорности на изведувач/под-изведувач

Секој изведувач (или под-изведувач доколку е апликативно) кој што изведува работна активност во името на Пивара Скопје АД треба да биде во можност да демонстрира:

- Менаџирање на своите активности на начин кој што е безбеден и не предизвикува ризик врз квалитетот и интегритетот на производот, безбедноста на храна, здравјето, безбедноста, животната средина и штети по имотот.
- Развој на посебни правила со кои е земен во предвид можниот ризик од страна на нивните активности врз здравјето, безбедноста, животната средина и штети по имотот.
- Дозвола за влез на работното место само на овластени лица
- Водење на записи за присутниот персонал на лице место (за во случај на итност)
- Контрола на опремата или материјалите кои што може да предизвикаат штета на производите, животната средина или да имаат негативно влијание на здравјето и безбедноста (на пр. отпадни материи, горива/масла)
- Задолжителни или законски обуки, инспекции и/или контроли
- Одржување на работната средина во безбедни услови
- Координација на работата така што нема да се предизвика ризик кон било кој друг изведувач или под-изведувач, вработен на Пивара Скопје АД, посетител или сосед на компанијата или постројките.
- Доставување до Пивара Скопје АД детали за било каква побарана инструкција, оперативна процедура или процедура за одржување или законска инспекција со цел безбедно изведување на операциите во нивниот опсег.

### Комуникација

Политиката се објавува на веб страната на Пивара Скопје АД и се доставува до сите соодветни изведувачи/под-изведувачи и истата е достапна до сите заинтересираните партии.

20/05/2021

Горан Стојковски
ICSC Менаџер